МЛИН ИВАНА ДООЕЛ ИЗВОЗ-УВОЗ
с.Кадрифаково – Свети Николе / Тел: 032 459 505
С-ка 200-0000991360-29
Стопанска банка / ЕДБ МК 4025001106314

# ДОПОЛНЕНИЕ НА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ Б ДОЗВОЛА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА МЛИН ИВАНА ДООЕЛ, с. Кадрифаково СВЕТИ НИКОЛЕ






**МЛИН ИВАНА ДООЕЛ**
**с. Кадрифаково, Свети Николе**

**Директор**
**Душан Велковски**

2009 год.

**С О Д Р Ж И Н А**


| | | |
|---|---|---|
| | ВОВЕД ………………………………………………………………… | 1 |
| 1.0. | ДОПОЛНЕНИЕ НА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ Б ДОЗВОЛА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ……………….......................................................................... | 2 |
| 1.1. | Прилог IV: СУРОВИНИ, ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА ........................................................................... | 2 |
| 1.2. | ПРИЛОГ V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД ....................................... | 4 |
| 1.3. | ПРИЛОГ VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА .......................................... | 5 |
| 1.4. | ПРИЛОГ XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ ......................................................................... | 5 |
| 1.5. | ПРИЛОГ XII. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ........................................... | 6 |
| 2.0 | ИЗЈАВА ..................................................................................... | 6 |

## ВОВЕД

Фирмата Млин ИВАНА дооел, с.Кадрифаково, Св.Николе поднесе барање за добивање Б - дозвола за усогласување со оперативен план до општина Свети Николе, Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

По поднесеното барање, од страна на општина Свети Николе, Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина добиен е Заклучок бр.1103 – 114/3 од 26.10.2009 год. во кој се наведени следните дополнителни информации кои недостасуваат во Барањето за добивање Б - дозвола за усогласување со оперативен план:

1. **Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата.** Во Табелата да се наведат сите суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата (електри;на енергија, вода, маст за подмачкување на лагери, масла за подмачкување на запченици, фотоксин, средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, трици, плева и др.), да се дополнат R и S frazite каде недостасуваат, како и останатите рубрики кои се непополнети за сите материи и супстанции дадени во Табелата.
2. **Цврст и течен отпад** – Да се приложат Договори со овластени компании за подигање на отпад.
3. **Емисии во почва** – Да се опишат постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата, од водите од септичката јама и водите од технолошкиот процес.
4. **Спречување хаварии и реагирање во итни случаи**
   - Предложете мерки со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисии настанати во случај од појави на: пожар и експлозија, од струјни удари, од разни механички оштетувања на опремата, прскање на цевководни инсталации, садови под притисок и слично, земјотреси, поплави и сл.
   - План за вонредни состојби
5. Во **Оперативнот план** да се предложи активност за решавање на проблемот со отпадните води (септичка јама).

Барателот Млин ИВАНА дооел, с.Кадрифаково, Св.Николе со внимание ги разгледа наведените барања во Заклучокот во однос на комплетноста на Барањето и подготви *Дополнение 2 на Барањето за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план со вклучени* дополнителни информации *добиени во Заклучокот.*

# 1.0.ДОПОЛНЕНИЕ 2 НА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ Б ДОЗВОЛА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

## 1.1. Прилог IV: Суровини, помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата

Операторот постапува по оваа Забелешка ја дава следната Табела IV.1–1: Листа на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии*

Табела IV.1–1: Листа на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии*

| Реф. Бр или | Материјал/ Супстанција(1) | CAS(4) Број | Категорија на опасност(2) | Моментално складирана количина (тони) | Годишна употреба (тони) | R и S фрази(3) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пченица | Не е во Анекс IV | Нема | 1600 | 2000 | S8 |
| 2. | Трици | Не е во Анекс IV | Нема | 15 | 600 | S8 |
| 3. | Брашно | Не е во Анекс IV | Нема | 20 | 1400 | S8 |
| 4. | Плева | Не е во Анекс IV | Нема | 15 | | S8 |
| 5. | Вода | Не е во Анекс IV | Нема | / | 360 | / |
| 6. | Маст за подмачкување на лагери | Не е во Анекс IV | Класа 3, запаливи течности | 5kg | / | R10 / S1 |
| 7. | Масла за подмачкување на запценици | Не е во Анекс IV | Класа 3, запаливи течности | 20l | / | R10 / S1 |
| 8. | Фотоксин (средство за дезинсекција) | 20859-73-8 | Класа 6.1,Отрови | 2000 таблети | 2000 таблети | R 22/36/37 S 1/2/3 |
| 9. | Средства за дератизација (росал) | Не е во Анекс IV | Класа 6.1,Отрови | 0,5 лит. | 1лит. | R 22/36/37 S 1/2/3 |
| 10. | Натрон вреки | Не е во Анекс IV | Нема | 5000 | 35000 | / |
| 11. | ПП вреки | Не е во Анекс IV | Нема | 3000 | 25000 | / |
| 12. | Електрична енергија | Не е во Анекс IV | Нема | / | 336000KV | / |

* Прикажаните количините на суровини се однесуваат за 2009 година.

Во продолжение на овој Прилог дадена е Потврда за извршена ДДД услуга од страна на Здравствена организација, Завод за здравстврена заштита, Велес од 29.05.2009 год.

**ПОТВРДА Бр. 90**

**ЗА ИЗВРШЕНА ДДД УСЛУГА**

Корисник на услугата Млин - Ивана

објект

работено врз основа на договор - барање

од: барање

1. Дезинфекција
2. Дезинсекција
3. Дератизација
   
извршено на ден 29.05.2009

Извршил,

29.05.2009 год

М.П.

Завод за здравствена заштита
Директор
Д-р. Николина Крстева
Специјалист по хигиена
со здравствени екологија

## 1.2. Прилог V. Цврст и течен отпад

Операторот постапува по оваа Забелешка и во продолжение го дава Договорот со ЈКП Комуналец Свети Николе за превземање и транспорт на отпад (комунален, комерцијален и индустриски отпад) и повремено чистење на септичката јама.

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0307-241
16. 11. 2009 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Млин "ИВАНА" ДООЕЛ увоз-извоз
бр. 03-4
16. 11. 2009 год.
Кадрифаково

### ДОГОВОР

Склучен помеѓу:

1. ЈКП "Комуналец" Св.Николе ул. "Карпошева" бр. 82 жиро с/ка 240310000937179 даночен број 4025006108960 застапувано од в.д. директорот Марјан Станојковски
2. "Млин Ивана ДООЕЛ" с. Кадрифаково Ул.________________бр.____, даночен број 4025001106314 застапувано од Душан Велковски во понатамошниот текст корисник на услугата.

**член 1**

Предмет на овој договор е превземање и транспорт на отпад (комунален, комерцијален - индустриски отпад) од имот – дворно место на корисникот на услугата и депонирање на отпадот на градската депонија од страна на дaвателот на услугата.

**член 2**

ЈКП "Комуналец" Св.Николе како давател на услугата се обврзува да го превземе, транспортира и депонира отпадот на градската депонија во Св.Николе, и повремено да врши чистење на септичка јама на корисникот.

Отпадот кој ќе го превземе, транспортинара и депонира на градската депонија дaвателот на услугата преставува цврст индустриски – комерцијален отпад.

Отпадот ќе се превзема од имотот – дворното место на корисникот на услугата што се наоѓа на с.Кадрифаково. Изнесувањето и чистењето на септичката јама ќе биде на повик на корисникот, а фактурирањето на отпадот ќе биде по м3, а чистењето на септичката јама ќе биде по изнесена тура.

**член 3**

Давателот на услугата по завршената работа опишана во член 2 од овој договор ќе му достави фактура секој месец на корисникот на услугата а за извршената работа од страна на давателот на услугата.

Висината на износот на месечната фактура се пресметува по редовните цени по кои работи давателот на услугата.

**член 4**

Собирањето транспортирањето и депонирањето на отпадот од имотот на корисникот на услугата ќе се врши врз основа врз претходно усмено или писмено известување – барање од страна на корисникот на услугите.

Корисникот на услугата е должен отпадот да го селектира да го спакува во соодветна амбалажа погодна за транспорт и депонирање и да го изложи на пристапно место во својот имот со цел давателот на услугата непречено да го превземе истиот и потоа да го транспортира и депонира на градската депонија.

Корисникот на услугата е должен редовно секој месец да ја плаќа фактурата од став 1 на овој договор најдоцна деветиот ден од денот на приемот на истата.

**член 5**

Договорните страни се должни да ги почитуваат одредбите на овој договор.

Доколку се случи отпадот да не биде селектиран, да не биде спакован во соодветна амбалажа погодна за транспорт или не биде изложен на пристапно место во имотот на давателот на услугата па поради тоа во текот на транспортот или депонирањето се случи некоја незгода, последица поради тоа како и настанувањето на евентуалната штета на физички или правни лица во целост ќе ја сноси корисникот на услугата.

**член 6**

Евентуалните недоразбирања и спорни прашања кои можат да произлезат од овој договор ќе се решаваат со взаемно разбирање и соработка а во спротивно надлежен е Основниот суд во Св.Николе.

**член 7**

Договорот е склучен во два примерока од кои по еден за секоја договорна страна и важи една година од датумот на потпишувањето.

За ЈКП "Комуналец" Св.Николе
в.д. Директор,
________________
Марјан Станојковски

Млин Ивана ДООЕЛ
Директор
________________
Душан Велковски

Приватни лица кои вршат откуп на плевата се :
- Алексо Бабунски - Велес
- Љубе Панов - Велес
- Ангел Бозинов – Свети Николе

**1.3. Прилог VIII. Емисии во почва**

Од инсталацијата нема директни ниту индиректни емисии во почва и подземни води од страна на операторот поради следните причини:
- од технолошкиот процес за производство на брашно нема отпадни технолошки води.
- за празнење на бетонската септичката јама, Млин ИВАНА има склучено Договор со ЈКП Комуналец Свети Николе (Карактеристиките на септичката јама се дадени во Дополнението 1 на стр.3).

**1.4. Прилог XIII. Спречување хаварии и реагирање во итни случаи**

Ова поглавје е веќе опишано во основното Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план за МЛИН ИВАНА дооел, с. Кадрифаково Свети Николе, Прилог XIII стр.83 – 86.

**1.5. Прилог XII. Оперативен план**

*Табела XII.1-1. Активност бр. 1 Нова хидро изолирана септичка јама*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Опис<br>*Старата септичка јама ќе се замени со нова хидро изолирана септичка јама* | | | |
| 2. Предвидена дата на почеток на реализацијата<br>*Во тек* | | | |
| 3. Предвидена дата на завршување на активноста<br>Декември 2009 | | | |
| 4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата<br>/ | | | |
| 5. Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)<br>*Нема емисија на води во почва* | | | |
| 6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини)<br>Безбедна и здрава средина | | | |
| 7. Мониторинг | | | |
| Параметар | Медиум | Метода | За:естеност |
| | | | |
| 8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување) | | | |
| 9. Вредност на инвестицијата<br>*1.600 ЕУР* | | | |

## 2.0. ИЗЈАВА

Со оваа изјава поднесувам ***Дополнение на барање за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план***/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник бр.53/05) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова ***Дополнение на барање за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план*** се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на ***Дополнението на барање за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план*** или на негови делови за потребите на друго лице.

**Потпишано од:** МЛИН ИВАНА ДООЕЛ, с. Кадрифаково
*(во името на организацијата)*

**Датум:** **16.11.**.2009 год.

**Име на потписникот** : Душан Велковски

**Позиција во организацијата:** Управител

*Печат на компанијата:*

МЛИН „ИВАНА" Кадрифаково ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ